Од
Сдружение РАДКО
Председател:
Владимир Панков
(како болгарски, односно европејски гражданин)
Владимир Паунковски
(како македонски гражданин, поробен болгарин)
Галичица 47 2/4
6000 Охрид

До
Уставен Суд на
Република Македонија
12 Ударна Бригада бр. 2
1000, Скопје

10.03.2009 г.
Охрид

Врз основа на:
01. Пресудата на Европскијот Суд за човешки права (CASE OF ASSOCIATION OF CITIZENS RADKO & PAUNKOVSKI v. THE FORMER YUGOSLAV REPUBLIC OF MACEDONIA, Application no. 74651/01) од 15.01.2009 г., со којашто пресуда државата Република Македонија (Поранешната Југословенска Република Македонија) беше осудена дека ја нарушила Европската Конвенција и правото на здружување, нарушувајки ги притоа и следните фундаментални човешки права:
а) Правото на рамноправност. Рамноправноста на човекот е рамноправност како лице, носител на права и задолженија. Тоа е рамноправност пред законот. Во правото лугето се рамноправни независно од разликите коишто произлегуваат од други гледни точки. Тоа е резултат на фактот, дека човекот се дефинира како суштество, чијашто суштина е слободата.
б) Правото на собственост. Собственоста како метафизичка категорија е својствена само на суштество коешто поседува духовност, а како што сите знаеме такво суштество на земјата е само човекот. Во сопственоста спаѓа, покрај другото, и национално-културната идентичност на човекот.
в) Правото на слобода на совеста. Кога човекот започне да ја демонстрира својата слобода, тој тоа го прави од некаква позиција, со цел да постигне самореализација. Таа позиција се засновува на неговиот светоглед, на неговите убедувања и на неговата вера. Бидејки човешкиот живот единствено може да се разбере како натпревар и сожителство на религиозни, политички и морални светогледи.
г) Правото на слобода на словото. Човешките светогледни разлики, коишто природно произлегуваат од човешката внатрешна слобода и претставуваат надворешни појави на човекот и прават човекот да биде личност, треба да бидат публично (јавно) претставувани, аргументирани и дамонстрирани. Во тоа се состои правото на слобода на словото и информацијата.
д) Правото на образование. Бидејки човекот е слободно и со тоа и духовно суштество, и за разлика од животните има долго детство, односно долго не

може самостојателно да ја ползува таа своја слобода, тоа означува дека долго неможе да ја постигне собствената природна, односно духовна реализација. И бидејки надворешното, пројавата на човекот како личност, е дадено најповеќе за образованиот човек, односно е откриено само за оние коишто ја декодираат семантиката на културата, тогаш човекот треба да го добие правото и гаранциите да излезе од детството како формирана личност и тоа со помошта на државата, односно обштеството.
02. Уставот, односно Конституцијата (од латинскиот збор constitutio – установувам) е основниот закон на државата. Уставот (Конституцијата) го симболизира обемот на согласност на граѓаните на таа држава, којшто реално го изразува духот на времето и карактерот на граѓаните. По суштина Уставот (Конституцијата) е политичкиот критериум за добро и зло, правилното и погрешното, одговорното и неодговорното поведение на граѓаните во различните ситуации на нивниот заеднички живот. Од тие критериуми би следувало да се раководат како одделните граѓани во своите дејствија едни спрема други, така и државата како орган (институции) на публичната (јавната) власт. Секој Устав (Конституција) се стреми да постигне две взаемносврзани цели:
а) Да се уреди прашањето за правата на граѓаните. Конституционализмот е општествено движење во цивилизираниот свободен свет, коешто води до едно ново разбирање за правото. Според ова ново разбирање на правото, секое човешко суштество има права и е безкрајно ценето само по себе си. Од тие причини, законите не би требало да им наредуваат на лугето што да прават, тие треба само да им кажуваат што не треба да прават за да не ги нарушуваат правата на другите луге. Конституционализмот значи е движење за заштита на човешките права и слободи со силата на законот.
б) Да се уреди прашањето за полномошното на државата како арбитар и сила, којашто е способна да се меша во решавањето на заштитата на човечките права и слободи.
Сегашниот Устав (Конституција) на државата не го гарантира предходно кажаното и ја прави државата да биде со дефицит на демократија, скарана со минатото и во судир со иднината.
03. Уставниот Суд на Република Македонија по член 110, цртица 3, цитираме: “ги штити слободата и правата на човекот и граѓанинот што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност“. (Крај на цитатот).

здружението Радко бара од Уставниот Суд на Република Македонија

МИСЛЕЊЕ И ПРЕПОРАКА

коишто треба да бидат адресирани, по Член 130 на Уставот на Република Македонија, до Председателот на Републиката и Владата да подготват предлог за донесување на Нов Устав, односно измена на сегашниот Устав.
Здружението РАДКО потребата за Нов Устав, односно за измена на сегашниот Устав ја аргументира преку следното

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
(ПРОГРАМА ЗА РАБОТА И ИСТОРИЈА НА СДРУЖЕНИЕТО РАДКО)

Прв Дел

Сдружението РАДКО беше конституирано во согласност со сите стандарди коишто важат во една нормална Европејска држава, како организација за заштита и реализација на национално-културни права, интереси и убедувања.

Основниот Суд од Охрид на ден 19.07.2000 г. под број 18/2000 го регистрира сдружението.

Во ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СДРУЖЕНИЕТО, којашто беше составен дел на документите за регистрација стои:

01. Издигнување и афирмација на македонското културно пространство (Се однесува само за територијата на Вардарска Македонија, односно само за државата којашто по уставот се има самопрогласено како Република Македонија, а меѓународно, пак според уставот, е признаена како Поранешна Југословенска Република Македонија, а се мисли на мултинационалниот-културен карактер на државата), со приоритет на историската национално-културната идентичност на автохтоното славјанското население во Вардарска Македонија коешто низ вековите ја пројавуволо собствената болгарска припадност. Станува збор за повеке од 1300-годишно национално-културно наследство коешто го создале Болгарите на Балканот и на коешто и ние Болгарите од Вардарска Македонија имаме историско право.

02. Воспоставување на традиционалните морални и човешки ценности.

02.01. За сдружението РАДКО, вишиот тип на регулатор на човечкото поведение е моралот, односно личноста на човекот како морален субјект. Главните карактеристики на моралот се: рамноправност, чувството за долг и одговорност и признавањето на самоцененоста на секоја одделна личност.

Под поимот рамноправност се крие следното: јас, како конкретна личност, им ги признавам на сите други личности истите права и должности, како на себе си; истите можности за саморазвивање и самореализација, како на себе си, истите можности за несовршеност, грешки и простување како на себе си. Притоа тука треба да внимаваме да не направиме грешка во разбирањето на овој поим, бидејќи не станува збор за рамноправност како даденост. Со знаење, умешност, талент, способност, физиологија, психика, воља, емоционалност, луѓето не се и не можат да бидат еднакви.

Под поимот чувство за долг и одговорност се подразбира квалитетно исполнување на оние дејности, коишто се нужни на општесвото таму каде што живее дадената личност. Зад тоа се крие неопходноста од лична мобилизација за да може да се реализираат општествените и личните идеали на луѓето. Во спротивен случај општеството ќе се врти на едно место, ќе се движи хаотично и на крај ќе се распадне.

Под поимот признавањето на самоцененоста на секоја одделна личност се подразбира уважување кон личноста, кон нејзиното достоинство, кон најзините идеали, мотиви и стремежи.

02.02. Кога се зборува за човешки ценности сдружението РАДКО тргнува од нашето болгарско културно и традиционално разбирање за смисилот на животот. Имено, разбирањето на смисолот на животот е она нешто коешто дава вредност и содржина на животот, смисолот значи го залива животот со

задоволството и радоста на живеењето и преставува основа на човешката среќа.
Бидејки човекот се раѓа, твори и умира во една средина која што претставува култура и традиција на еден народ, за сдружението РАДКО основното прашање за смисилот на животот е прашањето како културата и традицијата на тој народ одговара на тоа прашање. Нашата болгарска култура и традиција во својата суштина претставува христијански светоглед и христијанска ценненост. Тоа значи дека се прифаќа и развива фактот дека суштината на христијанскиот живот е здобивањето на Светиот Дух и обожувањето (Теосисот) на човекот преку божјата благодат.
Забелешка: Малку во Македонија знаат дека Духовден е ден на Македонија и на Македонската Болгарштина. (Крај на забелешката).
Преку идејата за очовечувањето на Бога (Бог стана човек) и соодветно на тоа Обожувањето на човекот (за да човекот стане Бог) Христијанството радикално ја пробразува јудејската визија од Стариот Завет. Јудејската визија за човекот била дека човекот е "роб Божји", една пасивна, рецептивна страна, којашто го прифаќа со покорност или непокорност дејствувањето на Божјата воља. Па така, во зависност од тоа следи наградата или казната за човекот. За разлика од оваа јудејска визија, Христијанството гледа во човекот создаден бог (по Божји образ) и партнер на Бога во неговите дејствија и планови. Затоа Христијанството го поцртува значењето на слободната воља на човекот, односно без доброволната согласност на човекот, Бог не ќе може да ги реализира своите планови.
Така без преувеличување може да се каже дека Христијанството е најголемата метафизичка и антрополошка револуција во човешката историја. Од филозофската реинтерпретација на човекот природно се стигнува и до социјално-културната реинтерпретација; штом секое човешко суштество е личност, односно суверен, творечки субјект, не само микрокосмос, но и микротеос, тогаш човекот не може да биде третиран како објект (instrumentum vocale). Во Христијанската метафизика робството се третира како метафизички скандал. Од друга страна, штом на секое човешко суштество му припаѓа метафизичка, првична слобода, тогаш државата и општеството треба да се сообразуваат со таа слобода како со неоспорен факт. Отука тргнуваат корените на секоја демократија. Значи, кога се зборува за демократија во државата, односно општеството тогаш се мисли не на нешто друго, туку на секуларизирано Христијанство.
03. Афирмација и реализација на идеите на Македонското освободително движение.
03.01. Сдружението РАДКО не си постави задача да биде политичка партија, туку да биде културно просветна организација којашто ќе го афирмира конзервативниот (Христијанскодемократскиот) светоглед низ призмата на идеите на македонското ослободително движење. Тоа значи дека без конзервативниот (Христијанскодемократскиот) светоглед и неможат да се разберат идеите на тоа движење. Затоа што конзервативниот (Христијанскодемократскиот) светоглед е вграден во тие идеи.
Под поимот конзерватизам се подразбира политичка теорија на човечкото несовршенство. Основата на конзерватизмот претставува христијанскиот морал и светоглед или подобро кажано политичката теорија на конзерватизмот е изградена на основата на христијанскиот морал и светоглед.

Основните принципи на конзерватизмот, во кратки црти кажано се:
- Природното, односно непишаното или вообичаеното право да биде основа на пишаното право.
Забелешка: Правото можеме да го наречеме ,,симетрија на слободата'' и да го дефинираме како начин за заштита на човечката слобода.
Најопшта подделба на правото е на природно право и на позитивно право. Позитивното е она право коешто е создадено од законодавател. Следствено ова право е еден вид вештачко право и затоа ова право се менува со времето и важи само во конкретна држава. Наспроти тоа, природно е она право, коешто не е создадено од законодавател. Тоа е вечно и непроменливо, важечко за секој човек независно од државата или епохата. За многу правници природното право е идеалот кон којшто се стреми позитивното право.
Природното право можеме да го дефинираме како специфичен модел преку кој сите суштествувачки битија на земјта во зависност од сопствената природа и сопствените потреби треба да ја реализираат полнотата на сопствената егзистенција. Зборот "треба" од тој аспект асоцира метафизичко значење и од човечка гледна точка придобива морално значење, односно означува моралана должност. Затоа природното право за човекот во основа е едно морално право. Следствено можеме да заклучиме дека суштествува трансцедентален морален ред, чии што норми се валидни независно од човековата воља и избор. Овој ред е осознаен и санкциониран во Христијанството и е вграден во културните традиции на христијанските народи.
Од своја страна пак, позитивното право се дели на вообичаено или непишано право и пишано право. Пишаното право е воспоставено од конкретен законодавател, додека пак вообичаеното или непишаното право е воспоставено од културната традиција на еден народ, односно претставува проекција на природното право, право коешто е валидно во рамките на еден народ и во основа претставува исто така морално право.
Пишаното право за да биде вистинско право коешто се потпира на природното, односно на вообичаеното или непишаното право нужно е тоа право да не го одзема правото на слобода, односно правото на избор на човекот. Тоа значи дека пишаното право треба да гарантира барем минимален морал. Во спротивно се случува луѓето да се потчинуваат на "туѓата воља" и тие повеќе не можат да бидат ниту слободни, ниту пак одговорни за сопствените постапки. Луѓето во тој случај не се граѓани на државата, туку само поданици, бидејќи им е одземено правото на избор и слободата на вољата. За тие луѓе останува изборот или отуѓување од општеството или спротивставување кон законите во државата или пак емигрирање од таа држава. (Крај на забелешката).
- Човечката природа е несовршена. Таа фундаментална лишеност на човекот од совршенство не зависи од времето, местото или општествената средина.
- Човекот е религиозно суштество и затоа религијата е основата на граѓанското обштество.
- Обштеството е резултат од бавниот и постепениот историски развој, традицијата и суштествувачките институции ја вплотуваат мудроста на предците, секое поколение треба да се сообразува со постигнатото од предходните.
- Не е возможно сигурно, рационално познавање на обштеството заради бескрајната сложеност и невозможноста за предскажување на човечките дела.

- Општеството не е подвластено на рационална анализа и планирање; утопистичкото мислење и социјалното инжинерство во политиката не се само погрешни, туку и опасни бидејќи водат до непредвидливи последици.
- Обидите за брзи и радикални промени (независно од намерите) ги разрушуваат општествените врски, затоа постепените реформи секогаш се за уважување во однос на револуционерните.
- Секоја политичка теорија која тргнува од предпоставката за природната добрина на човекот, кој што е расипан единствено од општествента средина, треба да биде отфрлена. И затоа, основната социјална задача на општеството се состои во тоа да биде преобразувана личноста на човекот, односно да се содејствува во нејзиното духовно самоусовршување, односно духовно растење. Со други зборови кажано општеството треба да создава способен човечки фактор.
Забелешка: Човечките постапки како практична дејност на човекот, го вклучуваат и диапазонот помеѓу ,"светот сега'' и "светот кој што треба да биде'', односно даваат смисол на тие постапки. Овој смисол на човечките постапки е израз на човечкото познание и израз на неговата слобода. Од тие причини слободно можеме да речеме дека практично е сето она коешто произлегува од слободата.
Слободата пак, претставува осознаена неопходност и можност за избор. Тоа означува дека слободата се базира на објективното познание на начинот на функционирање на природата, општеството и човекот. Имено използувањето на тоа објективно познание му дозволува на човекот да твори, да го менува светот во насока на собствените цели и потреби.
Творештвото на човекот како виша цел и како израз на практичните постапки на човекот, односно неговата слобода, претставува создавање, откривање и решавање на проблеми преку трансформација на системи, коешто води кон раѓањето на нешто ново.
Културата, пак од своја страна, треба да се разбере како духовно – творечки модел на човечкото суштествување и развивање.
Вертикалниот поглед кон определена култура ќе покаже три основни нивоа на самореализација на припадниците на таа култура. Најниското ниво на културна самореализација можеме да го наречеме базично. Ова ниво е пасивно и консуматорско, ниво на обичниот човек. Тоа е нивото преку кое обичниот човек ги решава собствените егзистенцијални задачи. Затоа тоа ниво му припаѓа на минатото и по суштина претставува само неопходна предпоставка за вистинаската културна самореализација. Средното ниво на културна самореализација можеме да го наречеме водечка самореализација на сегашноста. Ова ниво е активно, го создава новото и го развива општеството. Тоа е нивото на талентите и претставува културна самореализација на сегашноста, односно културна самореализација на земното творештво. Горното ниво на културната самореализација можеме да го наречеме врвна самореализација на иднината. Главната карактеристика на ова ниво е целенасоченоста и човештвото ќе се движи кон вакво ниво. Ова ниво е саканата културна смореализција, културна самореализација на гениите и културна самореализација на космичкото творештво.
Затоа, секое општество треба да создаде критериуми по коишто ќе ја оценува собствената култура, односно критериуми во каков идеал треба да го воспитува своето поколение.

Секое општество исто така треба да се запраша: што е подобро? Самозадоволна и спиечка толпа, што ги претвара во маченици собствените најдобри синови (талентите и гениите) и не покажува желба сознаено да тргне кон воздигнување, или пак незадоволна, но будна и амбициозна толпа, којашто се претворила во осознаен творец на историјата под раководство на своите таленти и гении. Ако го избереме првото решение, цената ќе биде многу висока. Многу страдања, полусознаено суштествување на толпата, тапкање во место, однсоно бавно воздигнување. Едвај след многу време општеството ќе го прифати второто решение. Ако го избереме пак второто решение, будно сознание, подготвен човечки фактор, тогаш и наградата ќе биде голема. Брзо прескокнување на старадањата, брзо осознавање и раширување на творечката природа на човекот, брзо воздигнување. (Крај на забелешката).

- Конзерватизмот не ги возприема утопистичките видувања дека смислата на човечкиот живот е изградување на совршено општество. Конзерватизмот смета дека смислата на човечкиот живот е обожувањето на човекот и затоа оптимално општество е тоа коешто овозможува на секоја личност да води достоен живот и духовно да се развива.

- Основната цел на едно управување е осигурувањето на ред и законитост; постигнувањето на тоа е невозможно без реализирање на принципите за врховенство на правото и еднаквост на сите граѓани пред законите. Редот и законитоста и претходат на слободата, бидејќи нема слобода таму, кадешто нема ред и законитост.

- Политичката власт трба да биде ограничена и да нема всеопхватни задачи, таа треба да осигури услови за човечката дејност, а не да ја детерминира содржината на таа дејност. Независно дали политичката власт му припаѓа на едно мнозинство или една личност, неограничената власт е погубна за општеството, власта треба да се балансира, ограничува и разпрснува.

- Сопственоста е предпоставка за слободата и за личната среќа. Затоа социјалното неравенство е неизбежно, зошто е резултат од човечката слобода. Секое уравнотежување ја ограничува човечката слобода, а често пати ги блокира и стимулите на човечкото дејствување.

Забелешка: Едно од фундаменталните права на човекот по сите меѓународни документи е собственоста. Во овие меѓународни документи за заштита на правата на човекот основната идеја се состои во заштитата на индивидуалната природна и неотуѓива слобода на човекот. Бидејќи човекот е слободно суштество, а правото има за цел да создаде гаранции за реализација на таа слобода, тоа значи дека основното нешто коешто се заштитува преку слободата е собственоста. Без право на собственост, слободата би останала само внатрешна, само мисловна и фантазирачка активност на човекот. Во цивилизираниот свободен свет под поимот собственост се подразбира човешката творечката способност, односно постигнатите резултати на човешката самореализација. Конкретно кажано во собственоста спаѓа: имотот, честа, здравјето, убедувањето, достоинството, културниот идентитет, репутацијата, интелектот, знаењето, умеењето, и.т.н. Од тие причини, основната задача на една држава се состои во создавањето на оптимални услови на граѓаните мирно да ја ползуваат својата собственост. (Крај на забелешката).

- Пазарното стопанство во сегашната етапа на човечкиот развој е најдобрата средина за реализација на принципот на сопственост, како гарант за човешката слобода.
- Каузата на патриотизмот е природна позиција на конзерватизмот. Тоа се изразува во опстојување на националните позиции во однос на светот, но во исто време и кон отвореност кон тој свет. Консарватизмот го разбира патриотизмот како почитување на националните и семејните ценности како и традиционалните добродетели. Смисолот на поимот родина е сознанието за сопствените корени и обстојување на тоа разбирање.
- Конзерватизмот ги поставува своите политички цели на основата на стабилни ценности, прицини и духовна орентација. Ете зошто конзервативците не ги сменуваат сопствените убедувања. Тоа е гаранција за нивната предвидливост како политички фактор.
- Сдружението РАДКО во овие основни принципи на конзерватизмот го додава следното: Идејното наследство на македонското ослободително движение (познато со името ВМРО) како идејно наследство на антикомунизмот е основа за морален избор, зошто антикомунизмот претставува ценненосен систем. Антикомунизмот е и политичко поведение на спротивставувањето на реставрацијата и на рецидивите на комунистичкото тоталитарно минато и србокомунистичкото робство на болгарите во Вардарска Македонија.
Забелешка 01: Драматичната смрт на комунизмот во последното десетолетие на минатиот век не беше случајност. Комунизмот влезе во противречие со иднината. Комунистичките тоталитарни режими не се срушија под притисокот на капиталистичкото опкружување или економската изолација, туку затоа што Москва ги информира довчерашните сојузници дека повеќе не е во состојба нив да ги брани од нивниот сопствен народ.
Со разпространувањето на духовниот светоглед во високоразвиените нации, комунистичките држави се претворија во реакционерен блок, управуван од “вдахновени старци“ со сатанистичката теологија на 19 век. Михаил Горбачов беше првиот светски лидер, кој што го призна тој историски факт.
Комунизмот не донесе изобилство, рамноправност и слобода, туку донесе еднопартиски политички систем, тешка бирократска машина, жестока тајна полиција, државна контрола на медиите, потиснување на интелектуалната и творечката слобода.
Ако ги изключиме океаните од крв, пролеани за да се подржува тој систем, повнимателното гледање во него ќе ни покаже дека тој систем не е само начин на организација на луѓе, туку и организирање, насочување и контролирање на познанието, односно создавање на монопол на вистината. Зад овој монопол на вистината се криеше остареното разбирање дека управниците во државата имаат право да решаваат за нивото на знаење на останатите. Се случи нешто, што и најголемите идеолози на комунистичкиот сатанизам не можеа да предвидат, зошто најважната форма на собственост, полека во денешниот свет станува нематеријалната собственост. Таа собстевеност е суперсимболичка. Тоа е знаењето. Едни и исти занења можат да се използуваат од многу луѓе едновремено, за да создаваат богатства и да генерираат уште повеќе знаење. И за разлика од материјалната собственост, нивите и фабриките, знаењето од секоја гледна точка е наисцрпно. (Крај на забелешката 01).
Забелешка 02: Голем пример за злоупотреба на пишаното право во однос на природното или вообичаеното односно непишаното право е практикувањето на

правото во Вардарскиот дел на територијата на Македоноја после Првата Светска Војна па се до денес. Со решението на Њојскиот договор од 1919 година и како казна на Болгарија, која што учествува во Првата светска војна на страната на Германија, Вардарскиот дел од Македонија, во кој дел повеќе од 1300 години болгарската народност е постојано мнозинство е предадена на владение кон новосозданото кралство на србите, хрватите и словенците, од 1929 г. кралство Југославија. Тоа решение му дава возможност на Белград да спроведува политика на насилствена србизација на болгарското население.

После Втората светска војна, Вардарскиот дел на Македонија согласно Парискиот мировен договор од 1947 г., одново останува во границите на Југославија. Овој пат Белград применува нова стратегија во однос на болгарското население. Тоа е србокомунистичката доктрина "македонизам", создадена од Коминтерната во 30 – те години на 20 век, специјално во помош на југословенската комунистичка партија. Целта на оваа доктрина е подмолното уништување на македонската болгарштина преку прогласувањето на болгарите од Македонија за "африканско племе'', кое што е без историја, култира, јазик и идентичност и создавање од него на таканаречен "македонски народ''. Комунистичката власт во Југославија, односно Вардарска Македонија се представува пред болгарското население како "новаторска", која што му дава можност за прв пат на тоа население, преку тој етноним "да биде слободно и самостојно да се развива". Во 1945 г. се создава таканаречениот "македонски јазик", којшто е дијалект на болгарскиот литературен јазик, со користење на српската азбука, во замена за дотогаш употребуваната болгарска азбука, создадена од равноапостолите Св. Кирил и Методи, заштитници на Европа пред небескиот престол. Територијата пак на Вардарска Македонија се организира во Република Македонија и се прогласува за составен дел на Југословенската федерација. Процесот на "македонизирање" на болгарското население во Вардарска Мкедонија после 1945 г. поприма карактер на класичен геноцид. Податоците говорат дека приближно од еден милијон христијанско население заради заштитата на сопствениот болгарски етнички происход и јазик се убиени без суд и пресуда околу 23.000 души, околу 130.000 се осудени, меѓу 10 и 15 години затвор, околу 200.000 се иселени од родните места и околу 300.000 души се постојано следени и малтретирани од службите за сигурност.

Државата Република Македонија (меѓународно призната како Поранешна Југословенска Република Македонија) е создадена после распаѓањето на Југославија во 1991 г.. Согласно Уставот на државата целокупното болгарско население (според доктрината "македонизам") е прогласено за "македонско" по етнички произход. Политиката на државата си поставува за цел, под маската за запазување на уставното име (извесно е несогласувањето на Грција за тоа прашање) да се легализира извршениот геноцид после Втората Светска Војна. Сите граѓани на државата, кои што се обидуваат да зборуваат отворено за историскиот идентитет за таканаречениот "македонски народ" (тука се мисли македонски етнос) и денес се следат од државните служби за сигурност. Смисолот на таа државна стратегија е да се заштити позицијата пред европејската и световната општественост, дека процесот на деболгаризација во Вардарска Македонија е завршен и дека болгарското население тука го прифатило новиот, по насилнички начин, наложен вештачки идентитет. Заради таа причина сите партии во државата се создадени и се контролираат од

службите за сигурност, а процесот на демократизација на државата и општеството е тотална имитација. (Крај на забелешката 02).

Забелешка 03. Еден германски социолог има напишано: “Не е страшно немањето на слобода, страшно е умирањето на волјата за слобода“. Ако прифатиме дека Болгарите од Македонија ја загубиле таа воља за слобода, која што се гледа во Република Македонија, тогаш е неизбежно да заклучиме дека атрофирањето на таа воља е најтешкиот престап којшто е извршен спрема овој народ од србокомунистичките (македонистичките) управници, зошто го оставил баз сопствениот историски разум. Од тие причини македонските комунисти го имаат изгубено сиот кредибилитет дека го претставуваат или пак можат да го претставуваат болгарското население во Вардарска Македонија.

